Врз основа на член 5 од Законот за Основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен Весник на Република Македонија", број 51/2011, 148/2013 и 41/2014), Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, на седницата одржана на ден 17.10.2019 година донесе

# ДЕЛОВНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

**Член 1**

Во Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен број 0101-827 од 12.05.2014 година, број 0101-1027 од 01.12.2014 година и број 0101-118 од 17.01.2019 година, членот 2 се менува и гласи:

Седиштето на Државната комисија е во Скопје.

На зградата на пред службените простории на Државната комисија се истакнува натпис:

„ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН-СКОПЈЕ".

**Член 2**

Членот 3 се менува и гласи:

Печатот на Државната комисија има облик на круг со пречник 40 мм, а содржината на печатот е испишана на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

Печатот во средината содржи содржи грб на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија, а во вториот концентричен круг се наоѓа натпис „ **ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН - Скопје".**

Печатот на Државната комисија се става на одлуките и решенијата на Државната комисија , како и на сите други службени акти.

Државната комисија има печат со помал обем со пречник од 28 мм.

Малиот печат има иста содржина, како и печатот и служи за заверка на сметководствени документи и исплатни евидентни листи.

Државнатта комисија има штембил со правоаголна форма со димензии 65х40 мм, кој служи за евидентирање на акти и други писмена на органот.

Штембилот го содржи натписот „ Република Северна Македонија- Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен", кои се испишувааат хоризонтално едно под друго, а под натписот се наоѓа празен простор за запишување на бројот на актоот, на други писмена и на датумот на неговото издавање, на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото кирилско писмо.

Штембилот се употребува за евидентирање на акти и други писмена на органот.

**Член 3**

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

Број 0101 - 118/2
17.10.2019 година
СКОПЈЕ